РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
БР. 18- 4474/2
21.09.2023 год.
КРИВА ПАЛАНКА

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА** Ф 8.5/1-4

---

**До Здружение за истражувања и анализи,**
**ЗМАИ, Скопје**
**Ул. Андон Дуков бр.3/6**
**1000 Скопје**

**ПРЕДМЕТ: ДОСТАВУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**
Врска / Барање наш бр. 18-4474/1, 18.09.2023г.
Ваш бр. 0306-52/23,15.09.2023

Почитувани,

Постапувајќи по Вашето Барање наш бр. 18-4474 /1,согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019),, примено на ден 18.09.2023 г. со кое барате 11 информации од јавен карактер.

Во продолжение на писменото Ви ги доставуваме бараните информации за 11-те точки од Барањето бр. 18-4474/1, 18.09.2023г. и тоа:

- **Информација за точка 1 од барањето:**

Буџетот на Општина Крива Паланка за 2022 година е објавен на веб страната на Општина Крива Паланка.

Линк- https://www.krivapalanka.gov.mk/budzet-i-rebalansi

На овој линк во папка буџет на Општина Крива Паланка ги има поставено комплет информациите за буџетот за 2022 година и тоа:

1. Предлог буџет за 2022 година (подготвен во форма поедноставна и разбирлива за граѓаните- граѓански буџет).
2. Структура на буџетот на општината за 2022 година(во форма поедноставна и разбирлива за граѓаните- граѓански буџет).
   -ttps://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/2022/06/2.Struktura-na-Budzetot-na-Opshtina-Kriva-Palanka-za-2022.pdf
3. Буџет 2022 – фискална табела
4. Биланс на приходи - буџет 2022
5. Биланс на расходи - буџет 2022
6. Посебен дел - буџет 2022

- **Информација за точка 2 од барањето:**

Општина Крива Паланка во делот на информирање и комуникација со граѓаните користи социјални мрежи, вклучително и дисеминација на информации со буџетското планирање, програмирање и донесување на годишните оперативни буџетски програми како и буџетот на општината. Општината има утврдена конкретна постапка – консултативна партиципативна процедура за планирање, изработка и донесување и реализација на годишни буџетски оперативни програми, вклучително и програмирањето, усвојувањето и реализацијата на општиснкиот буџет.

**Официјални линкови:**

-https://www.facebook.com/o.krivapalanka/

- https://twitter.com/okrivapalanka
- https://www.instagram.com/okrivapalanka/
- https://www.youtube.com/channel/UCpu_3dGOsj4-AJTS5txpZUQ

- **Информација за точка 3 од барањето:**

Форумите како форма на директно и непосредно учество на граѓаните во одлучувачките процеси во локалната заедница се редовна практика на општината од 2011 година наваму, како за информација пред ковид пандемијата општина Крива Палака, реализираше повеќе видови на форуми тематски, проектни и буџетски: (Бизнис-форуми; Форуми на тема „Активни млади и партиципативна демократија со предлози, идеи и иницијативи за подобрување на квалитетот на живот на млади на локално ниво“, Форуми за развој на културата; Проектни форуми ,,проекти за социо економски развој на општината; и Буџетски форуми во делот на подготовка на буџетот за секоја следна година, почнувајчи од 2015 година наваму континуирано се додека не ни се случија ограничувањата како резултат на пандемијата). Соочени со предизвиците од ковид пандемијата 2020 и 2021 година, функционирајќи во услови на пандемија, почитувајќи ги ковид мерките на Владата на Р.С.Македонија, водејќи сметка за заштита на здравјето како на вработените во општината исто и на граѓаните, формата на консултирање и вклучување на граѓаните во програмските и буџетски активности на општината преку нивно директно учество на граѓаните на форумски сесии како општина одлучивме да не ја практицираме.

- Но се обидовме да изнајдеме алтернативни начини на комуникација и консултација со граѓаните, така да при програмското и буџетското планирање на буџетот за 2022 година, предлог оперативните годишни програми беа ставени на увид на јавноста преку месните заедници, локалните здруженија на граѓани и фондации, веб страната на општината и социјалните мрежи на општината и по истите граѓаните можеа да ги дадат своите забелешки но и нивни видувања и предлози, воедно граѓаните своите предлози можеа да ги доставуваат преку месните заедници, нво секторот но и како единки директно во архивата на општината и на службениот меил на општината. Пристапот беше на еднакви основи за сите граѓани, целни групи и заинтересирани страни вклучително и маргинилизираните групи на лица во заедницата.

- **Информација за точка 4 од барањето:**

Да проектите и предлозте од граѓаните дадени во врска со буџетот за 2022 година се објавени на линкот - https://www.krivapalanka.gov.mk/izveshtai , папка форуми.

**Прилог – предлози од граѓаните за 2022 година**

- **Информација за точка 5 од барањето:**

Една од алатките на партиципативно учество на граѓаните во подготовка на буџетот за 2022 година е онлине анкетата којаја спроведовме.
Линк: https://www.krivapalanka.gov.mk/soopstenija/28476

- **Информација за точка 6 од барањето:**

Општина Крива Паланка има утврдена конкретна постапка – консултативна партиципативна процедура за планирање, изработка и донесување и реализација на годишни оперативни програми и истата ви ја доставуваме во прилог.

Забелешка: Документите од системот - стандардот ИСО 2009 -2015 за управување со квалитет на општината, согласно правилата на управувањето со системот не се предмет на јавна објава.

**Прилог 1:**

1.1Постапка П 8.3/3 која е составен дел на системот за управување со квалитет

1.1.1 Формулар Ф 8.3/3-1 кој е составен дел на постапката П 8.3/3

**Прилог 2:** **2.1** Правилник за јавност во работата на општината
**Линк - https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/downloads/sluzben-glasnik/2010/slg12_2010.pdf страна 61 односно 448 ос службениот гласник.**

**2.2** Статутарна Одлука
**https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/downloads/sluzben-glasnik/2010/slg12_2010.pdf страна 54 односно 441 ос службениот гласник**

**2.3** Правилник за организирање и одржување на форумите на заедницата во Општина Крива Паланка **https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/downloads/sluzben-glasnik/2010/slg12_2010.pdf страна 55 односно 442 ос службениот гласник**

- **Информација за точка 7 од барањето:**

Поради мерките со ковид пандемијата маргинализираните групи можеа да ги дадат своите предлози како и сите други целни групи преку онлине анкетата и на телефон во кабинетот на градоначалник.

- **Информација за точка 8 од барањето:**

Да тоа е програмата за социјална, детска и здравствена заштита за 2022 година
Линк:https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/ uploads/ 2022/01/ Programa_za_ socijalna_detska_i_zdravstvena_zastita_2022.pdf.
Буџетските програми и подпрограми преку кои се реализрани се: програма 46 подпрограми (464 120, 464 220) , програма 47 подпрограма (471 160, 471 230, 471 250, 471 410)

- **Информација за точка 9 од барањето:**

**Родово одговорни индикатори од буџетските програми :**

Да има родово одговорни индикатори во буџетски програми
**Прилог: Информација од интерсекторска работна група за стратешко планирање и буџетирање и КЕМ до Советот на Општината**
**Линк програми за 2022:** https://www.krivapalanka.gov.mk/programski-dokumenti

- **Информација за точка 10 од барањето:**

**Да реализирани се активностите кои се однесуваат на маргинализирани групи во заедницата.**
**Линк: https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/2023/03/5.Godishen-izveshtaj-po-zavrshna-zmetka-za-2022-godina.pdf**

- **Информација за точка 11 од барањето:**

**-Усвоена од советот на општината родово одговорна стратегија за одржлив развој 2022-2027 https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/2022/10/Strategija-Rod-Ed-Opstina-Kriva-Palanka_03-3.pdf**
**-Активности – проекти кои се однесуваат на младите**

1. **https://www.krivapalanka.gov.mk/novosti/28821**
2. **https://www.krivapalanka.gov.mk/novosti/29901**
3. **https://www.krivapalanka.gov.mk/novosti/30337**

**- Родово одговорен буџетски форум**

- **https://www.krivapalanka.gov.mk/soopstenija/29753**
- **https://www.krivapalanka.gov.mk/soopstenija/29898**

- https://www.krivapalanka.gov.mk/novosti/29954
- https://www.krivapalanka.gov.mk/soopstenija/29967
- https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/2023/02/Budjetski-forum-Kr.-Palanka-I-izvestaj.pdf

Со почит!

Изготвил:
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер, Лидија Митовска

Место и датум : 21.09.2023г.
Крива Паланка

.............................................................................

**Сашко Митовски**
**Градоначалник на Општина Крива Паланка**
**одговорно лице**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
БР. 18- 4474/3
21.09.2023 год.
КРИВА ПАЛАНКА

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

Ф 8.5/1-5

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), а во врска со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), член 8 од Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 60/20), член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/15) решавајќи Барање бр. 18-4474 /1 од 18.09.2023г. од Здружение за истражувања и анализи, ЗМАИ, Скопје, Ул. Андонов Дуков бр.3/6, 1000 Скопје, Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

Со ова решение се дава **ПОЗИТИВЕН ОДГОВОР** на барањето бр. 18-4474/1 од 18.09.2023г од Здружение за истражувања и анализи, ЗМАИ, Скопје, Ул. Андонов Дуков бр.3/6, 1000 Скопје,

Бараните информации се доставуваат на барателот **КАКО ПРИЛОГ** бр. 18-4474 /2, од 21.09.2023г.кон ова **РЕШЕНИЕ**.

## *О б р а з л о ж е н и е*

Здружение за истражувања и анализи, ЗМАИ, Скопје, Ул. Андонов Дуков бр.3/6, 1000 Скопје, , достави барање број 0306-052/23, 15.09.2023г. на ден 18.09.2023г., наш арх.бр. 18-4474/1,. за пристап до информации од јавен карактер согласно член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019).

Со барањето 18-18-4474/1, 18.09.2023г. барателот бара 11 различни информации од јавен карактер а во врска со мерењето на индексот на отворени општини.
За поднесеното барање се доставува бараната информација во прилог со писмено број 18-4474/2, од од 21.09.2023г како прилог кон решението.

Врз основа на горе наведеното а во согласност со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против решението со кое имателот на информација го одбил или отфрлил барањето, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информацаите од јавен карактер согласно член 27 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019).

**Изготвил:**
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер, Лидија Митовска**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

---